Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

| Примено / E pranuar | 30.07.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. / Njësia Org | Број / Numër | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlerë |
| [illegible] | [illegible] | / | / |

ГРА Центар за промовирање
на граѓански вредности
Бр. 07 - 3/1
30.07.2026 год.
СКОПЈЕ

1

# Влада на Република Северна Македонија

**Генерален секретаријат**

**Сектор за анализа на политиките и координација /Одделение за соработка со невладини организации**

## ПРИЈАВА

**за кандидат за член и заменик член на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество од редот на здруженијата и фондациите во областа РОДОВА ЕДНАКВОСТ**

По Јавен повик бр. 34- 26 / 1 објавен на 17.07.2026 година

**Податоци за организацијата**

**1. Општи податоци**

Име на здружението/фондацијата: АГОРА Центар за промовирање на граѓански вредности

Седиште и адреса: ул. Аминта Трети бр.16-1/7, 1000 Скопје, Република Северна Македонија

Регистарски број (ЕМБС) и датум на упис во Централниот регистар на Република Северна Македонија: ЕМБС- 5596181 датум на основање:25.10.2001

Единствен даночен број: 4030001452593

Телефон за контакт и е – пошта: 389 2 3 119 106 ; contact@agora.org.mk

Име и презиме на овластеното лице за застапување: Кристина Хаџи-Василева

Област/и на дејствување согласно Статутот:

- Промовирање на родовата еднаквост преку истражувања, застапување и активности за воведување на принципот на родова еднаквост во сите сфери на општественото дејствување,
- Промовирање на партиципативни методи за донесување одлуки во институции и организации на сите нивоа,
- Поддршка на локалниот економски развој преку обуки, вмрежувања и техничка помош,
- Промовирање на напредни цели и вештини поврзани со реализацијата на главните цели и задачи на здружението,
- Развивање значајна мрежа на професионални и деловни контакти меѓу сите чинители кои работат на прашањата со кои се занимава организацијата.

**2. Ресурси**

Дали здружението/фондацијата има обезбедено технички опремен канцелариски простор?:

☒ да ☐ сопствен, ☐ даден на користење, ☒ изнајмен, ☐ друго

☐ не

Вкупен број на членови на здружението/фондацијата: 7

Број на вработени/волонтери во здружението/фондацијата: 2/2

**3. Мрежно работење и соработка**

Мрежи или платформи (домашни и меѓународни) во кои членува здружението/фондацијата: Национален совет за родова рамноправност; Мрежа Заедница.

Краток осврт на: учество во активности за мониторинг или застапување за унапредување на граѓанското општество, учество во работни групи за изработка на закони/стратегии, реализирани проекти во соработка со други организации или со органи на државната управа и организирани координативни активности за организациите, во последните три години:

АГОРА спроведува активности за мониторинг, застапување и јакнење на граѓанското учество, со фокус на родовата еднаквост и учеството на жените во одлучувањето. Преку проектот „Вклучи се – Побарај гласно!", ги зајакна женските организации и поддржа над 350 жени да ги формулираат и застапуваат своите барања пред општините и тие да бидат вклучени во општинските буџети. Преку „WOMENomics – Економско зајакнување и дигитални права за интеграција во ЕУ", го унапредува учеството на женските организации во следењето на реформите и застапувањето за женско економско јакнење и дигитална вклученост на жените. Значајни се и проектите поврзани со текстилниот отпад, бидејќи жените го сочинуваат најголемиот дел од ниско платената работна сила во текстилната индустрија. Преку мониторинг, анализа и застапување, АГОРА се залага жените да не бидат изоставени од зелената транзиција, туку нивните потреби, работнички права и можности за преквалификација и достоинствено вработување да бидат вклучени во политиките за циркуларна економија. Проектите се реализираат во соработка со граѓански организации, општини, институции и меѓународни партнери.

**Податоци за организацијата**
**(Се пополнува доколку кандидатите за член и заменик член се од различна организација)**

**2. Општи податоци**

Име на здружението/фондацијата: ______

Седиште и адреса: ______

Регистарски број (ЕМБС) и датум на упис во Централниот регистар на Република Северна Македонија: ______

Единствен даночен број: ______

Телефон за контакт и е – пошта:______________________________________________

Име и презиме на овластеното лице за застапување:______________________________

Област/и на дејствување согласно Статутот: ______________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________

**4. Ресурси**

Дали здружението/фондацијата има обезбедено технички опремен канцелариски простор?:

☐ да ☐ сопствен, ☐ даден на користење, ☐ изнајмен, ☐ друго

☐ не

Вкупен број на членови на здружението/фондацијата:______________________________

Број на вработени/волонтери во здружението/фондацијата: __________________________

**5. Мрежно работење и соработка**

Мрежи или платформи (домашни и меѓународни) во кои членува здружението/фондацијата:______________________________________________

Краток осврт на: учество во активности за мониторинг или застапување за унапредување на граѓанското општество, учество во работни групи за изработка на закони/стратегии, реализирани проекти во соработка со други организации или со органи на државната управа и организирани координативни активности за организациите, во последните три години:
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________

**Податоци за кандидатот за ЧЛЕН на Советот во областа**
**РОДОВА ЕДНАКВОСТ**

**1. Општи податоци**

Име и презиме на кандидатот за член/ка: Кристина Хаџи-Василева

Вид и степен на образование: магистерка по родови и етнички студии

Телефон за контакт и е – пошта: 070 340 773; kristina@agora.org.mk

**2. Професионално искуство на кандидатот за член на Советот**

Број на години на работно или волонтерско искуство во граѓанскиот сектор во областа Родова еднаквост

20

Експертиза по прашања од граѓанскиот сектор во областа Родова еднаквост (број на спроведени проекти, објавени публикации, учество во работни групи, иницирање и учество во процеси за застапување и сл.)
Повеќе од 20 спроведени проекти наосчени кон родова еднаквост и најмалку уште 10 проекти во кои е спроведена родова интеграција; осмислени и реализирани најмалку 20 обуки за родово одговорно буџетирање во општините и 10 обуки за деловниот сектор за интеграција на рододвата перспектива во работата на компаниите; изготвени 5 општински стратегии за родова еднаквост и/или локален развој и 5 родово одговорни стратегии за млади; интегриран родовиот аспект во стратешките планови на 2 плански региони и во националната стратегијата за рамномерен регионален развој; објавени над 20 публикацци на различни теми и учество во процеси на застапување за родови прашања.

**3. Дали кандидатот за член на Советот е:**

| | | |
|---|---|---|
| Член на орган на политичка партија | ☐ да | ☒ не |
| Избрано или именувано лице | ☐ да | ☒ не |
| Вработен во орган на државната управа | ☐ да | ☒ не |

**Податоци за кандидатот за ЗАМЕНИК ЧЛЕН на Советот во областа РОДОВА ЕДНАКВОСТ**

**2. Општи податоци**

Име и презиме на кандидатот за заменик член: Росица Тошевска

Вид и степен на образование: Магистерка по бизнис администрација

Телефон за контакт и е – пошта: 070 33 55 13; rosica@agora.org.mk

**2. Професионално искуство на кандидатот за заменик член на Советот**

Број на години на работно или волонтерско искуство во граѓанскиот сектор во областа Родова еднаквост

5

Експертиза по прашања од граѓанскиот сектор во областа Родова еднаквост (број на спроведени проекти, објавени публикации, учество во работни групи, иницирање и учество во процеси за застапување и сл.)

Спроведени вкуно 6 проекти од кои 3 се тековни. Спроведено анкетно истражување за родовите аспекти на менопаузата во Македонија, насочено кон идентификување на потребите на жените и креирање препораки за подигнување на јавната свест, намалување на стигмата и зајакнување на институционалната поддршка.
Дополнително, асистирање на експертката Кристина Хаџи-Василева при интеграција на родовиот аспект во стратешките планови на 2 плански региони и во националната стратегијата за рамномерен регионален развој.

**3. Дали кандидатот за заменик член на Советот е:**

Член на орган на политичка партија ☐ да ☒ не

Избрано или именувано лице ☐ да ☒ не

Вработен во орган на државната управа ☐ да ☒ не

Место и датум
Скопје, 30.07.2026

Потпис на овластеното лице за застапување

МП

# БИОГРАФИЈА

**Презиме: Хаџи-Василева**
**Име: Кристина**
**Датум на раѓање:** 19 11 1972
**Пол:** Ж

## Контакт-информации

**Мобилен телефон:** +389 70 340 773
**Е-пошта:** kristina@agora.org.mk
**Адреса:** Христо Смирненски 26/9, 1000 Скопје, Северна Македонија

## 1. Образование

| Институција и период | Стекнат степен или диплома |
|---|---|
| Универзитет Гринич, Лондон, Обединето Кралство<br>2000–2001 | Магистерка по родови и етнички студии |
| Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Филолошки факултет, Скопје, Македонија<br>1990–1994 | Дипломиран филолог по македонски и турски јазик |

## 2. Јазични вештини

Ниво на познавање од 1 (основно) до 5 (одлично)

| Јазик | Читање | Говорење | Пишување |
|---|---|---|---|
| Македонски | 5 | 5 | 5 |
| Англиски | 5 | 5 | 5 |
| Турски | 5 | 3 | 4 |
| Српски/хрватски | 5 | 5 | 5 |

## 3. Други вештини

Активно познавање на оперативниот систем Windows и програмите на Microsoft Office (Word, Excel, PowerPoint и др.); интернет и социјални медиуми.

## 4. Тековна позиција

Претседателка АГОРА Центар за промовирање на граѓански вредности, Скопје, Северна Македонија

## 5. Години во организацијата

Од август 2015 година

## 6. Професионално искуство

**Август 2015 – тековно | Претседателка**

*АГОРА – Центар за промовирање на граѓански вредности*
*Референца: bsarkovski@frlz.org.mk*
*Локација: Скопје*

Одговорностите опфаќаат стратешко планирање и развој на партнерства за позиционирање на организацијата како и обезбедување експертиза и поддршка за повеќе проекти

1. Менаџерка за грантови на проектот „WOMENomics: Економско зајакнување и дигитални права за интеграција во ЕУ", финансиран од UNOPS, за активно учество на женските граѓански организации во мониторинг, застапување и комуникација поврзани со пристапувањето кон ЕУ (2026–2027)

2. Координаторка на проектот „Еко-дијалог кон ЕУ: Поттикнување промени во животната средина преку инклузивно застапување за политики" (2025–2027) со фокус на родовите аспекти, анализи, јакнење на капацитетите на локални ГО, локални власти и бизниси, мониторинг и застапување.

3. Проектна менаџерка на проектот „Вклучи се – Побарај гласно" финансиран од UN Women, за теренски и зајакнувачки иницијативи за поголемо учество на жените во локалното одлучување (2020–2022).

4. Експертка во проектот „Мрежа FISCAST: Јакнење на локалната транспарентност и отчетност на општинските финансии“ (2020–2022).

5. Експертка во проектот „Граѓанска оценка на општинските услуги“ (2018), насочен кон транспарентност и дијалог во Општина Свети Николе: утврдување на искуствата на корисниците, особено жените, заедничко планирање и следење на квалитетот на услугите.

6. Експертка во проектот „Градење меѓусекторски партнерства за одржлив развој“ (2017–2019), вклучително подготовка на анализа за Целите за одржлив развој и нивната усогласеност со процесот на пристапување на Северна Македонија кон ЕУ.

**Октомври 2007 – тековно | Извршна директорка**

*Консалтинг за стратешки развој*
*Референца: Никица Кусиникова, nikicak@konekt.org.mk*
*Локација: Скопје*

Одговорна за комуникација со меѓународни организации, општини, државни институции, организации за деловна поддршка, граѓански организации, клиенти и корисници, како и за целокупното програмско управување.

Раководи со регионалниот проект „Економско вклучување и правда за жените од Западен Балкан“, финансиран од Австриската агенција за развој. Во 2017–2025 национална консултантка на UN Women за обуки и менторство за родово одговорно буџетирање и социо-економско зајакнување на жените во осум општини, како и за интегрирање на родовата перспектива во развојните програми на два плански региона и во Националната стратегија за рамномерен регионален развој.

Во 2025 година работела како виша експертка за избори и род за ODIHR, спроведувајќи евалуација на Родовиот акциски план на Државната изборна комисија. Во 2022–2025 е директорка на проектот на УСАИД „BSO Champions“, за подобрување на услугите на организациите за деловна поддршка за ММСП и за унапредување на економското зајакнување и економската еднаквост на жените.

Била раководителка на компонента во проектот на УСАИД „Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите“ (2021–2026), за фискални капацитети на општините, родово одговорно буџетирање, транспарентност, отчетност и соработка меѓу приватниот сектор и 50 општини. Подготвила родово сензитивни локални младински стратегии за Кичево, Струга, Валандово и Кавадарци (2024–2025).

За Светска банка ја спровела „Проценката од ромска и родова перспектива“ (2019–2020). Била раководителка на проект на UN Women за развој на теренски стратегии на ГО за вклучување на жените во локалното одлучување во десет општини (2016–2017). За НАЛАС обезбедувала родова експертиза за интегрирање на родот во политиките и управувањето со цврст отпад (2017–2019), а за GIZ работела на родова проценка на проект за трговија со луѓе и миграции (2019). Во 2007–2017 раководела со програмата „Форуми во заедницата“ за граѓанско учество, локално одлучување и буџетирање, транспарентност и отчетност.

**Април 2007 – ноември 2007 | Национална службеничка за реформа на јавната администрација**

*ОБСЕ*
*Референца: Alessandro.Tedesco@eulex-kosovo.eu*
*Локација: Скопје*

Спроведување проекти и теренска техничка помош за локалните власти за примена на добри практики: проценка на потреби и развој на проекти за добро управување, граѓанско учество во локалното одлучување, демократизација и комуникација на реформата на децентрализацијата. Административно, оперативно и финансиско управување, известување за политиките за децентрализација, подготовка на интерни материјали и координација на годишното истражување за состојбата со децентрализацијата. Подготовка на стратегии за локално управување, општински финансии и антикорупциски програми.

**Јануари 2006 – април 2007 | Менаџерка за развој на заедницата**

*Центар за институционален развој – ЦИРа*
*Референца: zorans@cira.org.mk*
*Локација: Скопје*

Управување со програмите во компонентата за развој на заедницата, вклучително проектот за акциско планирање „Форуми во заедницата“, финансиран од Швајцарската агенција за развој, и компонентата за партнерства меѓу граѓанското општество и локалната власт во проект финансиран од УСАИД. Спровела проценка за УНДП за проширување на економските активности за жени во три општини и подготвила стратегија за потпроект. Реализирала обуки за родови прашања за ромски НВО и здруженија на земјоделци.

**Јуни 2005 – јануари 2006 | Програмска координаторка**

*Центар за институционален развој – ЦИРа*
*Референца: zorans@cira org.mk*
*Локација: Скопје*

Координација на започнувањето и спроведувањето на програмата „Поддршка на ромските НВО и ромската деловна заедница", финансирана од УСАИД преку World Learning. Спроведување проценка на потребите, подготовка на програма за јакнење на капацитетите на ромските НВО, идентификување на потребите на ромските бизниси и поддршка за нивна регистрација.

**Април 2005 – јуни 2005 | Независна истражувачка**

*EastWest Institute*
*Референца: press.omik@osce.org*
*Локација: Скопје, Куманово, Гњилане, Прешево и Трговиште*

Подготовка на документ за јавни политики „Локални механизми за родова еднаквост во микрорегионот ГПКТ: проценка" за Женската работна група на EastWest Institute. Анализа на документи, теренски посети и интервјуа во Гњилане, Прешево, Куманово и Трговиште. Документот ја прикажува состојбата со локалните родови механизми и дава препораки за централните и локалните власти, НВО и меѓународните организации.

**Септември 2004 – јануари 2005 | Проектна менаџерка**

*CARE International – Македонија/EAP*
*Референца: ldimovski@epicentar mk*
*Локација: Скопје*

Раководење со проектот „Триаголник – три универзитети одговараат на етничките поделби" финансиран од ЕУ и управуван од Европската агенција за реконструкција. Координација на заеднички истражувања на студенти од различни етнички средини и универзитети, јакнење на капацитетите на произлезената НВО, партнерска координација, тркалезни маси и јавни форуми, подготовка на завршна публикација, работни планови, буџет и извештаи.

**Септември 2002 – септември 2004 | Менаџерка за програмски дизајн**

*Проект за реформа на локалната самоуправа / DAI / УСАИД*
*Референца: Vesna.ATANASOVA@coe int*
*Локација: Скопје*

Дизајнирање и спроведување активности за општинско управување и граѓанско учество: јавна кампања за децентрализацијата, соработка меѓу јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор и медиумите, подготовка и дистрибуција на прирачник за јавни расправи, обуки за етички кодекс и модел-градови, граѓански советодавни одбори за подобри јавни услуги и техничка поддршка на мрежата на граѓански информативни центри.

**Септември 2002 – септември 2004 | Консултантка**

*Краткорочни експертски ангажмани: Partners Romania: World Bank Institute, Partners Polska: ОБСЕ – Црна Гора*
*Локација: Регионално*

Консултантка на прекуграничен проект за комуникација и размена меѓу заедниците Струга–Поградец и Дебар–Пешкопеја; коорганизаторка на регионални видеоконференции за слободата на информации и усвојувањето и примената на законодавството; обучувачка за комуникациски вештини за локални власти; консултантка за институционализирање на јавното учество во општинските работи и за улогата на граѓанските информативни центри.

**Ноември 2001 – септември 2002 | Асистентка за граѓанско учество**

*Проект за реформа на локалната самоуправа*
*Референца: Vesna.ATANASOVA@coe.int*
*Локација: Скопје*

Дизајнирање и воспоставување граѓански советодавни одбори за работата на јавните претпријатија и последователни обуки; јавни расправи за буџетот во 13 градови; избор на општини, насоки и надзор на спроведувањето; воспоставување граѓански информативни центри во шест општини и поддршка на нивната мрежа.

**Август 1999 – септември 2000 | Асистентка**

*Канцеларија на цивилниот офицер за врски на НАТО*
*Локација: Скопје*

Организација на работата на канцеларијата, состаноци со државни претставници, поддршка и толкување на состаноци, консекутивно и симултано толкување, подготовка на документи и кореспонденција, следење на медиумското известување за НАТО и канцелариски набавки.

**Мај 1999 – август 1999 | Проектна асистентка – Оддел за развој на граѓанското општество**

*Македонски центар за меѓународна соработка*

*Локација Скопје*

Поддршка на кампањата Цело е кога има сè насочена кон промовирање мултикултурализам и мирен соживот за време на косовската криза. Координација со НВО училишта музеи, театри и медиуми, јавни и медиумски презентации документи и кореспонденција.

**Јануари 1995 – јануари 1999 | Помлада истражувачка**

*Македонска академија на науките и уметностите*

*Локација Скопје*

Истражувачка работа на проектот Речник на турцизмите во македонскиот јазик" собирање и обработка на јазичен материјал надзор на развој на софтвер за внесување и сортирање податоци. анализа и објаснување на материјалот и соработка со сродни институции и професори во земјата и странство.

## 8. Други релевантни информации (публикации)

- Хаџи-Василева Кристина (2025). Евалуација на Родовиот акциски план на Државната изборна комисија [необјавена интерна евалуација]. Државна изборна комисија и ODIHR. Полска. [Доверлив интерен извештај]
- Хаџи-Василева. Кристина и Шарковски. Борис (2025). Локална младинска стратегија на Општина Валандово. Национален младински совет на Македонија. Скопје. https://valandovo.gov.mk/wp-content/uploads/2025/08/LMS-Valandovo-MKD.pdf
- Хаџи-Василева. Кристина и Шарковски. Борис (2025). Локална младинска стратегија на Општина Кавадарци. Национален младински совет на Македонија. Скопје. https://kavadarci.gov.mk/sites/default/files/alfa/doc/oglasi/lokalna-strategija-za-mladi-2025-2029-konechna-verzija-1.pdf
- Хаџи-Василева. Кристина и Шарковски Борис (2025). Локална младинска стратегија на Општина Струга. Национален младински совет на Македонија. Скопје.
- Хаџи-Василева. Кристина и Шарковски Борис (2025). Локална младинска стратегија на Општина Кичево. Национален младински совет на Македонија. Скопје. https://kicevo.gov.mk/wp-content/uploads/2025/04/LMS-Kicevo-MKD.pdf
- Хаџи-Василева. Кристина. Живановиќ Александар и Гудачи Венера (2025). Евалуација на програмата на KURVE Wustrow за цивилна мировна служба „Конструктивно справување со минатото и градење мир во Западен Балкан" (Босна и Херцеговина. Косово, Северна Македонија и Србија). [Необјавена доверлива интерна евалуација].
- Хаџи-Василева, Кристина; Тимчева, Елена; Колекески, Александар и Панев. Кристијан (2023). Истражување на механизмите за граѓанско учество. Фондација за развој на локалната заедница. Штип. https://tinyurl.com/4v9dem25
- Хаџи-Василева Кристина и Михаиловски. Глигор (2023). Завршен извештај од евалуацијата на проектот за поддршка на изборните реформи во Северна Македонија. [Необјавена доверлива интерна евалуација]. IFES. Скопје.
- Хаџи-Василева. Кристина (2022). Родово сензитивна стратегија за одржлив развој на Општина Крива Паланка 2022–2027. Општина Крива Паланка. https://www.krivapalanka.gov.mk/wp-content/uploads/2022/10/Strategija-Rod-Ed-Opstina-Kriva-Palanka_03-3.pdf
- Шеферд. Хорхе; Патлиџанковска. Љубица. Хаџи-Василева Кристина и Јандревска. Марина (2022). Прирачник за самопроценка на управувањето со јавните финансии на единиците на локалната самоуправа во Северна Македонија. УСАИД. https://tinyurl.com/y9h3e8w6
- Хаџи-Василева. Кристина и Статовци. Суада (ур.) (2021). Водич за организирање виртуелни настани. Консалтинг за стратешки развој. https://sdc.com.mk/wp-content/uploads/2020/10/SDC-vodic-za-organiziranje-virtuelni-nastani-11.pdf
- Куршиташвили. Нато; Хаџи-Василева. Кристина; Имери. Беким; Сјонг Џинг и Вукановиќ, Светлана (2020). Проценка на пречките и можностите од родова и ромска перспектива во Северна Македонија: случајот на транспортот. Вашингтон: Светска банка. http://documents.worldbank.org/curated/en/565711591156184199
- Хаџи-Василева. Кристина и Статовци. Суада (ур.) (2020). Верификација на образование на возрасни. Консалтинг за стратешки развој. https://sdc.com.mk/wp-content/uploads/2020/07/SDC-Verifikacija-na-obrazovanie-na-vozrasni.pdf
- Хаџи-Василева, Кристина (2018). Родово сензитивна стратегија за одржлив развој на Општина Кочани 2019–2023. Општина Кочани. https://kocani.gov.mk/wp-content/uploads/2020/01/Kochani.-STRATEGIJA.pdf
- Хаџи-Василева. Кристина; Амдију. Наташа и Несторовска Гордана (2019). Анализа на перспективите на жените во руралните и земјоделските средини во Република Северна Македонија. Национален совет за родова еднаквост. Скопје.
- Хаџи-Василева Кристина и Бејкова, Билјана (2019). Проценка на состојбата на активистките и организациите за женски права во Македонија. [Необјавена доверлива интерна евалуација]. Kvinna till Kvinna. Скопје.

- Хаџи-Василева, Кристина (2019). Мапирање на родот во ИКТ-сферата во Македонија. Фондација Метаморфозис. Скопје. https://metamorphosis.org.mk/wp-content/uploads/2019/05/Gender-and-IT-Assesement-MK-01.pdf
- Хаџи-Василева, Кристина и др. (2017). Прирачник – Форуми во заедницата во 11 чекори. ЗЕЛС. https://sdc.com.mk/wp-content/uploads/2018/11/Priracnik-Forum-vo-zaednicata-MKD.pdf
- Хаџи-Василева, Кристина (2017). Анализа на постојните практики за користење на механизмите за консултации со граѓаните во креирањето јавни политики на локално ниво и нивната ефективност. Фондација за развој на локалната заедница. Штип. https://sdc.com.mk/wp-content/uploads/2018/11/Analysis-of-the-current-practices-of-using-the-mechanisms-for-consultations-with-the-citizens-in-public-policy-making-on-local-level-and-its-effectiveness.pdf
- Хаџи-Василева, Кристина (2015). Методологија за распределба на средства од единиците на локалната самоуправа на здруженија на граѓани и фондации. Фондација за развој на локалната заедница. Штип. https://sdc.com.mk/wp-content/uploads/2018/11/metodologija-publikacija-MK-3.compressed.pdf

**До** **25.07.2026**

**Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество**

**Предмет: Кандидатура за членка на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество од областа на родовата еднаквост**

Почитувани,

Со ова писмо ја изразувам мојата мотивација да бидам членка на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, како претставничка на здруженијата и фондациите од областа на родовата еднаквост.

Повеќе од 20 години професионално работам на унапредување на родовата еднаквост, родово одговорното креирање политики и буџети, економското јакнење на жените, локалното управување, транспарентноста и граѓанското учество. Како претседателка на АГОРА – Центар за промовирање на граѓански вредности и експертка во рамките на „Консалтинг за стратешки развој", соработувам со граѓански организации, општини, државни институции, компании, претприемачки, меѓународни организации и донаторски програми.

Мојата мотивација произлегува од потребата родовата еднаквост да биде суштински и хоризонтално интегрирана во политиките за развој на граѓанското општество, да претставува клучен аспект при креирањето на јавните политики и да биде составен дел од овозможувачката средина за граѓанските организации. Советот треба да обезбеди транспарентен, континуиран и инклузивен дијалог со граѓанските организации, да го следи влијанието на јавните политики врз нивното работење и да придонесува кон унапредување на правната, институционалната и финансиската рамка за нивно дејствување, водејќи сметка родовата перспектива да биде соодветно застапена во овие процеси.

**Приоритетни прашања за развој на граѓанското општество**

Во работата на Советот би се залагала за:

1. Суштинско вклучување на женските организации во подготовката и следењето на законите, стратегиите, програмите и буџетите;
2. Транспарентно, предвидливо и правично јавно финансирање, вклучително институционална поддршка за помалите и локалните женски организации;

3. Интегрирање на родовата перспектива во сите политики за развој и финансирање на граѓанското општество;
4. Поголемо учество на руралните жени, жените од етничките заедници, жените со попреченост, младите жени и другите недоволно застапени групи;
5. Заштита на просторот за граѓанско дејствување и заеднички одговор на антиродовите наративи и нападите врз женските и човековите права;
6. Економско јакнење и еднаков пристап на жените до можностите што ги создаваат европската интеграција, дигитализацијата и зелената транзиција;
7. Воспоставување механизми преку кои институциите ќе известуваат како ги разгледале и примениле предлозите на граѓанските организации.

**План за координација и комуникација**

Координацијата со организациите од областа на родовата еднаквост ќе ја засновам на редовна, отворена и двонасочна комуникација. Пред седниците на Советот ќе организирам кратки онлајн консултации за собирање мислења и предлози, а по седниците ќе споделувам информации за дискусиите, заклучоците и преземените обврски.

Ќе воспоставам електронска листа и достапен канал за размена на информации, документи и можности за учество, дополнети со периодични тематски средби. Посебно внимание ќе посветам на директното вклучување на локалните и помалите женски организации. Нивните предлози ќе ги систематизирам и транспарентно ќе ги пренесувам во Советот, а за прашањата од пошироко значење ќе поттикнувам подготовка на заеднички ставови и координирано застапување.

Верувам дека моето долгогодишно искуство во граѓанскиот и консултантскиот сектор, познавањето на родовите политики и соработката со институциите ќе ми овозможат одговорно да ги претставувам организациите од оваа област и да придонесам за посуштинска соработка меѓу Владата и граѓанското општество.

Со почит,
**Кристина Хаџи-Василева**
Претседателка
АГОРА – Центар за промовирање на граѓански вредности

europass

# Росица Тошевска

**Датум на раѓање:** 28/12/1980 |

**Националност:** Македонско/Граѓанин на Република Северна Македонија | **Пол:** женски |

**Телефонски број:** (+389) 70335513 (Мобилен) | **Адреса на е-пошта:** rosica@agora.org.mk |

**Веб-локација:** agora.org.mk |

**Адреса:** ул. Ристо Шишков бр. 12-1/4, 1000, Скопје, Северна Македонија (Работа)

## ЗА МЕНЕ

Раководителка на проекти со 15 години искуство во проектен менаџмент во јавниот, невладиниот и приватниот сектор. Моето искуство вклучува спроведување, координација и следење на различни задачи на донаторски проекти во областите родова еднаквост, економски развој, социјално претприемништво, образование и добро владеење. Во последните 4 години, како дел од тимот на Агора-Центар за промовирање на граѓански вредности, моите работни обврски вклучуваат изготвување на проектни апликации, описи на задачи, управување со грантови, градење на капацитети, истражување, развој на стратешки документи, подготовка на извештаи, комуникација и односи со јавност. Моите комуникациски, аналитички и вештини за раководење со тимови, придонесуваат поставените резултати и цели да бидат постигнати на ефикасен и ефективен начин.

## ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

01/10/2009 – 11/04/2012 Штип, Северна Македонија

**МАГИСТЕР ПО БИЗНИС АДМИНИСТРАЦИЈА (МВА) – ОПШТ МЕНАЏМЕНТ** Економски факултет, Унуиверзитет "Гоце Делчев"

**Област на студирање** Бизнис, администрација и право | **Ниво во ЕКР** EQF нивo 7

01/10/1999 – 12/11/2003 Софија, Бугарија

**ДИПЛОМИРАН НОВИНАР** Факултет по новинарство и масовна комуникација, Софиски универзитет „Св. Климент Охридски"

**Област на студирање** Општествени науки, новинарство и информирање | **Ниво во ЕКР** EQF нивo 6

## РАБОТНО ИСКУСТВО

**РАКОВОДИТЕЛКА НА ПРОГРАМА – АГОРА-ЦЕНТАР ЗА ПРОМОВИРАЊЕ НА ГРАЃАНСКИ ВРЕДНОСТИ –** 01/09/2022 – Тековно – СКОПЈЕ, СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

- Идентификување можности за финансирање и подготовка на проектни предлози.
- Спроведување истражувања и подготовка на истражувачки извештаи.
- Координација и следење на имплементацијата на проектните активности.
- Подготовка на наративни проектни извештаи.
- Управување со веб-страницата и присуството на организацијата на социјалните медиуми.
- Организирање на настани и состаноци и обезбедување административна и логистичка поддршка.
- Комуникација и соработка со засегнатите страни.

**Моментално управувам/координирам со проектите „WOMENomics: Економско зајакнување на жените и дигитални права за интеграција во ЕУ"**, финансиран од Шведска а имплементиран од UNOPS, и **„Од отпад до уметност: Младите ја обликуваат иднината"**, финансиран од Европската Унија во рамки на проектот „Зелена младина, зелен раст".

**РАКОВОДИТЕЛКА НА ПРОГРАМА (2022- ТЕКОВНО), ВИША ПРОГРАМСКА КООРДИНАТОРКА (2021-2022), КООРДИНАТОРКА НА ПРОГРАМА (2020-2021) – КОНСАЛТИНГ ЗА СТРАТЕШКИ РАЗВОЈ** – 01/07/2020 – 31/12/2025 – СКОПЈЕ, СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Управување со целосниот проектен циклус** за иницијативи финансирани од донатори (USAID, SDC, ADA), вклучувајќи координација и соработка со институции, партнери и засегнати страни во Северна Македонија и Западен Балкан, следење на проектните буџети, како и спроведување на административни и логистички активности.

- Подготовка на повици за доделување грантови.
- Евалуација на апликации за грантови и понуди за услуги.
- Управување со грантови.
- Координација на програми за јакнење на капацитетите и менторство.
- Организација и фасилитација на настани.
- Спроведување проценки на потреби.
- Раководење и координација на тимови од експерти и проверка на квалитетот на испорачаните резултати.
- Подготовка на наративни извештаи.
- Развој на системи за мониторинг и евалуација (M&E), пополнување на M&E табели и подготовка на M&E извештаи.
- Координација на набавка на опрема и услуги.
- Обезбедување административна и логистичка поддршка.
- Поддршка на комуникациски активности, вклучително и подготовка на содржини за веб-страницата и профилите на компанијата на социјалните медиуми.
- Поддршка при спроведување истражувања и подготовка на истражувачки извештаи.
- Поддршка при подготовка на проектни буџети и следење на нивната реализација.

**Последни проекти на кои работев** се регионалниот проект **„Економска инклузија и правда за жените од Западен Балкан"**, финансиран од Австриската агенција за развој (ADA) и предводен од CARE International Balkans, како и проектот **„Активност за јакнење на деловниот еко систем" (Business Support Organizations – Champions)**, финансиран од USAID и целосно имплементиран од Консалтинг за стратешки развој.

## КООРДИНАТОРКА ЗА ПРОЕКТИ И КОМУНИКАЦИЈА – АСОЦИЈАЦИЈА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЕДУКАЦИЈА И ИСТРАЖУВАЊЕ „ХЕРА" – 08/01/2020 – 30/06/2020 – СКОПЈЕ, СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Раководење со имплементацијата и координацијата на активностите** во рамки на проектот **„Отворање можности" (Opening Opportunities)**, финансиран од Европската Унија во рамките на **ИПА Програмата за граѓанско општество и медиуми 2016–2017**. Иницијативата беше насочена кон интеграција на жените Ромки на пазарот на труд преку примена на концептот на социјално претприемништво и развивање соработка со граѓанските организации и локалните самоуправи.

- Следење на работата на шест локални граѓански организации поддржани со грантови (теренски мониторинг и верификација на месечни извештаи) и обезбедување насоки за подобрување на нивната работа согласно правилата на ЕУ-ПРАГ.
- Управување со медиумска кампања, подготовка на електронски билтени, содржини за социјални медиуми, како и изработка и објавување на промотивно видео за проектот со фокус на организациите корисници на грантови, во согласност со насоките на ЕУ за видливост.
- Организација на настани и координација со Делегацијата на Европската Унија, локалните власти и партнерската организација од Хрватска.
- Координација на административните и финансиските активности во согласност со процедурите и правилата на ПРАГ (PRAG).

## СОВЕТНИЧКА ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА И КООРДИНАЦИЈА НА ИПА – МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА – 01/04/2009 – 31/12/2019 – СКОПЈЕ, СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Раководење со техничката имплементација и координација на ИПА програмите и проектите** во согласност со процедурите на Инструментот за претпристапна помош (ИПА), вклучувајќи ги правилата на PRAG и прирачникот за Twinning, во рамки на програмските периоди **2007–2013** и **2014–2020**. Поточно:

- Подготовка на планови за јавни набавки и тендерска документација, главно за Twinning, Service и Framework договори.
- Учество во креирањето и програмирањето на ИПА програмите во секторите образование, вработување и развој на човечки ресурси.
- Евалуација на проектни предлози и понуди за услуги за Twinning, Framework и Service договори под координација на Централното одделение за финансирање и склучување договори (ЦФЦД) при Министерството за финансии.
- Обезбедување поддршка за мониторингот на Twinning договорите, вклучително и подобрување на усогласеноста со наодите од ревизорските и системските верификациски мисии, со цел да се обезбеди ефикасно и ефективно управување со претпристапните фондови.
- Подготовка на извештаи, стратешки планови, информативни материјали, соопштенија за јавноста и концепти за говори.

- Организација на настани, конференции, работни состаноци и јавни презентации.
- Координација и комуникација со Делегацијата на Европската Унија, државни институции, агенции, меѓународни организации, други донатори, корисници на проекти, партнери и имплементатори на проекти.

**АДМИНИСТРАТИВНА АСИСТЕНТКА – РИМАКО ТРЕЈД** – 02/10/2006 – 25/03/2008 – СКОПЈЕ, СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Управување со секојдневните административни задачи**, вклучувајќи:
- Подготовка на деловна електронска кореспонденција, телефонска комуникација и превод на документи (македонски – англиски јазик).
- Поддршка при организација и координација на состаноци.
- Подготовка на комуникациски и информативни материјали.
- Поддршка во финансиското работење, вклучувајќи подготовка на налози за банкарски трансакции и административно управување со финансиска документација и трансакции.

**РЕПОРТЕРКА- НОВИНАРКА – НАЦИОНАЛЕН ДНЕВЕН ВЕСНИК „ВРЕМЕ“** – 08/01/2004 – 07/09/2005 – СКОПЈЕ, СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

- Директна комуникација со граѓани и претставници на локалната самоуправа со цел информирање на јавноста за клучни настани и прашања од значење за жителите на Скопје.
- Следење и известување од прес-конференции, седници на Градскиот совет и советите на општините.
- Спроведување интервјуа и прибирање точни и навремени информации преку собирање изјави, проверка на факти и подготовка на содржини во форма на вести, репортажи, интервјуа и коментари.
- Секојдневна соработка со редакцискиот тим за координација на новинарските активности, следење на актуелните настани и обезбедување конзистентност во комуникацијата и известувањето.
- Анализа на содржината и визуелниот изглед на весникот со цел подобрување на јасноста, привлечноста и усогласеноста со професионалните новинарски стандарди.

## ВЕШТИНИ

Microsoft Office | Microsoft Word | Microsoft Powerpoint | Microsoft Excel | Google Drive | Google Docs | Social Media | Organizational and planning skills | Good listener and communicator | Outlook | Motivated | Team-work oriented | Responsibility | Decision-making | Reliability | Critical thinking

**Adobe Creative Suite (Graphic design)**

Creativity

## ЈАЗИЧНИ ВЕШТИНИ

Мајчини јазици: **МАКЕДОНСКИ**

Друг(и) јазик(ци):

| | РАЗБИРАЊЕ | | ЗБОРУВАЊЕ | | ПИШУВАЊЕ |
|---|---|---|---|---|---|
| | Слушање | Читање | Говорна продукција | Говорна интеракција | |
| **АНГЛИСКИ** | C2 | C2 | C1 | C1 | C2 |
| **БУГАРСКИ** | C2 | C2 | B2 | B2 | C2 |

*Нивоа: А1 и А2: Основен корисник; Б1 и Б2: Независен корисник; C1 и C2: Вешт корисник*

## АКТИВНОСТИ ВО ОБЛАСТА НА ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР

01/01/2018 – ТЕКОВНО

**Релевантни активности и проекти**

1. Член на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество од редот на државните службеници - номиниран претставник од Министерството за образование и наука (2018-2019)
2. При раководење и координирање на проекти и програми во рамки на проектите „WOMENomics: Економско зајакнување и дигитални права за интеграција во ЕУ“, „Од отапд до уметност: Младите ја кројат иднината“, „Економско вклучување и правда за жените од Западен Балкан“, „Активност за јакнење на деловниот еко систем“, „Отвораме миожности“, спроведувано низа активности како што се:

• Изготвување проектни апликации и работни планови
• Управување со грантови и градење капацитети на граѓански организации и бизнис здруженија
• Подготовка на истражувања и анализи за јавни политики
• Организација на јавни дебати, конференции и обуки
• Развивање партнерства со институции, општини и меѓународни организации
• Мониторинг и евалуација на проекти

**До** **28.07.2026**

**Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество**

**Предмет: Кандидатура за заменик-членка на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество од областа на родовата еднаквост**

Почитувани,

Ја поднесувам мојата кандидатура за **заменик член на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество** од редот на здруженијата и фондациите во областа на родовата еднаквост.

Во мојата досегашна работа активно сум вклучена во спроведување на проекти насочени кон родовата еднаквост со фокус на економското јакнење на жените и нивната инклузија на пазарот на труд. Како особено значајни ги издвојувам проектите „Отвораме можности“, чија цел беше интеграција на жените Ромки на пазарот на труд преку развој на социјално претприемништво, и „Womenomics“, кој има за цел да го зајакне учеството на женските граѓански организации во процесот на пристапување кон Европската Унија преку унапредување на нивните капацитети за следење, застапување и комуникација со јавноста, со фокус на економското јакнење и дигиталната инклузија на жените.

Дополнително, учествував во спроведување на истражување за родовите аспекти на менопаузата во Македонија, насочено кон идентификување на потребите на жените и подготовка на препораки за подигнување на јавната свест, намалување на стигмата и зајакнување на институционалната поддршка. Имам искуство и во интегрирање на родовата перспектива во развојни политики преку поддршка на процесите за подготовка на стратешки планови и стратегии. Своите знаења ги надградував и преку обуки за застапување за економска инклузија и правда за жените од Западен Балкан.

Како заменик член ќе работам во тесна координација и поддршка на кандидатката за член на Советот, претседателката на организацијата од која доаѓам, придонесувајќи кон подготовка на анализи, предлози и ставови што произлегуваат од потребите на граѓанските организации кои работат во областа на родовата еднаквост. Истовремено ќе придонесувам за редовна комуникација и консултации со женските организации, собирање на нивните предлози и иницијативи и нивно соодветно претставување во рамките на работата на Советот.

**Приоритетни прашања**

Како заменик член на Советот ќе го поддржувам застапувањето за суштинско вклучување на женските граѓански организации во подготовката, спроведувањето и следењето на законите, стратегиите, програмите и буџетите. Ќе се залагам за интегрирање на родовата перспектива

во политиките за развој на граѓанското општество, како и за создавање услови за поголемо учество на локалните и помалите женски организации во процесите на донесување одлуки.

Посебен фокус ќе ставам на економското јакнење и дигиталната инклузија на жените, како и на подобро вклучување на руралните жени, жените Ромки, жените од етничките заедници, жените со попреченост и младите жени. Воедно, ќе придонесувам за зајакнување на дијалогот меѓу институциите и граѓанскиот сектор, поголема транспарентност во процесите на консултации и поефикасно застапување за родовата еднаквост и правата на жените.

**План за координација и комуникација**

Како заменик член на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество ќе ја поддржувам работата на членот на Советот преку редовна комуникација со граѓанските организации кои работат во областа на родовата еднаквост. Ќе придонесувам во собирањето и систематизирањето на нивните предлози и ставови пред седниците на Советот, како и во информирањето за клучните заклучоци и можностите за учество во процесите на креирање политики. Во рамките на оваа улога ќе поддржувам воспоставување и одржување редовна размена на информации, документи и можности за учество, како и подготовка на предлози и препораки засновани на докази и искуства од теренот. Ќе придонесувам за транспарентно пренесување на иницијативите и приоритетите на женските организации во Советот и за зајакнување на дијалогот помеѓу институциите и граѓанскиот сектор.

Верувам дека моето искуство во истражување, анализа на политики, застапување и работа со граѓански организации ќе овозможи квалитетна поддршка на работата на членот на Советот и ќе придонесе за поефективно застапување на приоритетите во областа на родовата еднаквост и развојот на граѓанското општество.

Со почит,

**Росица Тошевска**

Раководителка на програма

АГОРА – Центар за промовирање на граѓански вредности

Дигитално потпишан од: CRRSM
Централен Регистар на Република Северна Македонија
Датум и час на потпишување: 02.03.2026 во 11:14
Издавач на сертификатот: KIBSTrust Issuing Qseal CA G2
Сертификатот е валиден до: 05.11.2026
Документот е дигитално потпишан и е правно валиден

Број: 0805-50/150020260081871

Датум и време: 2.3.2026 г. 11:14

**/Електронски издаден документ/**

# ТЕКОВНА СОСТОЈБА

| | |
|---|---|
| **ЕМБС:** | 5596181 |
| **Целосен назив:** | АГОРА Центар за промовирање на граѓански вредности Скопје |
| **Кратко име:** | АГОРА Скопје |
| **Седиште:** | АМИНТА ТРЕТИ бр.16-1/7 СКОПЈЕ - ЦЕНТАР, ЦЕНТАР |
| **Вид на субјект на упис:** | ДРУГО |
| **Датум на основање:** | 25.10.2001 г. |
| **Деловен статус:** | Активен |
| ***Вид на сопственост:** | Недефинирана |
| **ЕДБ:** | 4030001452593 |
| **Големина на субјектот:** | микро |
| **Организационен облик:** | 10.9 - останати општествени организации, фондации и здруженија на граѓани |
| **Надлежен регистар:** | Регистар на здруженија и сојузи |

| | |
|---|---|
| **Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра:** | 94.990 - Дејности на други организации врз база на зачленување, н.д.м. |

**Овластени лица**

| | |
|---|---|
| **Име и презиме:** | КРИСТИНА ХАЏИ-ВАСИЛЕВА |
| **Адреса:** | ХРИСТО СМИРНЕНСКИ бр.26/9 СКОПЈЕ, СКОПЈЕ-ЦЕНТАР |
| **Овластувања:** | Претседател занимање:Консултант |
| **Овластено лице:** | Овластено лице |



Верификација

| | |
|---|---|
| | |
| **Дополнителни информации:** | цели: Промовирање на родовата еднаквост преку истражувања, застапување и активности за воведување на принципот на родова еднаквост во сите сфери на општественото дејствување, Промовирање на партиципативни методи за донесување одлуки во институции и организации на сите нивоа, Поддршка на локалниот економски развој преку обуки, вмрежување и техничка помош, Промовирање на напредни идеи и вештини поврзани со реализацијата на главните цели и задачи на Здружението, Развивање значајна мрежа на професионални и деловни контакти меѓу сите чинители кои работат на прашањата со кои се занимава организацијата. |
| **КОНТАКТ** | |
| **E-mail:** | kristina@sdc.com.mk |

**Напомена:**
Во тековната состојба прикажани се само оние податоци за кои има запишана вредност.

*Видот на сопственоста се определува врз основа на својството на основачот/содружникот /сопственикот и служи исклучиво за статистички цели на Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија

**Правна поука:** Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

Врз основа на член 104 од Законот за здруженија и фондации 2010 („Сл.весник на РМ“ бр.52/2010) и собранието на Здружението на граѓани **„АГОРА Центар за промовирање на граѓански вредности“ Скопје**, на седницата одржана на ден 31.07.2015 година го донесе следниов:

# СТАТУТ

**на**

**Здружението на граѓани „ АГОРА Центар за промовирање на граѓански вредности“ Скопје**

## ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Статут се регулира:

- Името и седиштето на здружението на граѓани;
- Целите и задачите на здружението на граѓани, облиците и начинот на дејствување;
- Органите, начините на нивниот избор, нивните права и обврски и нивниот меѓусебен однос;
- Траење на мандатот на органите и начинот на одлучување на членовите;
- Стекнување и располагање со имот;
- Остварување на јавност во работата;
- Определување на услови за основање на огранoци (организациони единици);
- Условите и начините на пристапување и исклучување од здружението на граѓани;
- Претставувањето и застапувањето во правниот промет и спрема трети лица;
- Престанокот на здружението на граѓани;
- Постапување со имотот на здружението на граѓани во случај на престанок на здужението;
- Другите прашања утврдени со Закон.

### Член 2

Здружението на граѓани **„АГОРА Центар за промовирање на граѓански вредности“ Скопје** е доброволна, невладина, непартиска и непрофитна организација која работи на национално ниво во Македонија формирана со слободно здружување на граѓаните.

Визијата на оваа организација е успешен демократски напредок на луѓето и заедниците. Целта на АГОРА е развој на демократското општество преку

унапредување на локалните заедници и граѓанскиот сектор преземајќи активности за зајакнување на родовата еднаквост, меѓуетничките односи и економскиот развој во Македонија и пошироко.

Здружението во своето дејствување може да соработува со организации, здруженија, фондации и институции, и да членува во асоцијации во земјата и странство согласно Уставот и Законот на Република Македонија и овој Статут.

## ИМЕ И СЕДИШТЕ

**Член 3**

Името на Здружението е:
Здружение на граѓани **„АГОРА Центар за промовирање на граѓански вредности“ Скопје**

Скратениот назив на Здружението е:
**АГОРА**

Седиштето на Здружението е на:
ул. „Пиринска 45-2/13, 1000 Скопје, Република Македонија.

**Член 4**

Здружението има свој печат и штембил на кирилица во тркалезна форма со текст: Здружение на граѓани **„АГОРА Центар за промовирање на граѓански вредности“ Скопје,** а на средината стои логото на Здружението.
Здружението има и свој штембил во форма на правоаголник во кој на кирилица е впишано Здружение на граѓани **„АГОРА Центар за промовирање на граѓански вредности“ Скопје**, број и празен ред за впишување на бројот, дата.

**Член 5**

Здружението има својство на правно лице со своите права, должности и одговорности во согласност со Законот и овој Статут.

## ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ

**Член 6**

Граѓаните се здружени во Здружението заради остварување на поширок заеднички интерес. Мисијата на здружението е јакнење на сите општествени чинители и промовирање процеси кои ќе доведат до развој на демократското општество.

Здружението ги остварува следните цели и задачи:

- Промовирање на родовата еднаквост преку истражувања, застапување и активности за воведување на принципот на родова еднаквост во сите сфери на општественото дејствување.
- Промовирање на партиципативни методи за донесување одлуки во институции и организации на сите нивоа.
- Поддршка на локалниот економски развој преку обуки, вмрежувања и техничка помош.
- Промовирање на напредни идеи и вештини поврзани со реализацијата на главните цели и задачи на Здружението.
- Развивање значајна мрежа на професионални и деловни контакти меѓу сите чинители кои работат на прашањата со кои се занимава организацијата.

**Член 7**

Здружението со посебна одлука може да формира акционерско друштво, друштво со ограничена одговорност и друг облик, согласно Законот за трговски друштва на РМ.

Здружението работи врз основа на план и програма за работа.

**Член 8**

Своите цели и задачи здружението ги остварува преку утврдена Програма за работа, односно преку следниве активности:

- организирање на конкретни програмски активности;
- спроведување на заеднички проекти;
- организирање на конференции, семинари, обуки и друг вид на активности;
- поттикнување на иницијативи кај надлежните органи и институции во насока на остварување на целите на Здружението;
- врши и други работи предвидени со овој Статут.

## ОРГАНИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 9**

Органи на Здружението се:

- **Собрание**
- **Претседател и**
- **Стручна служба**

## СОБРАНИЕ

**Член 10**

Собранието е највисок орган на Здружението. Собранието го сочинуваат сите членови на здужението. Собранието може полноважно да одлучува ако се присутни повеќе од една половина од вкупниот број на членови.

Одлуките се полноважни ако за нив се изјаснат и ги прифатат мнозинството од присутните членови.

Седница на Собранието свикува претседателот на здружението. Седница на Собранието може да се свика и по предлог на 1/5 од вкупниот број членови на собранието. Собранието може да биде редовно и вонредно.

Редовно Собрание се одржува секоја година.

Собранието донесува:

- Деловник за својата работа;
- Статутот и неговите измени и дополнувања и други акти;
- Усвојува годишен извештај, насоки и план за работа;
- Усвојува завршна сметка и финансиски план;
- Одлучува за промена на целта на здружувањето;
- Одлучува за основање и укинување на огранοци и други облици на здружување;
- Избира извршен орган;
- Ја усвојува програмата и извештајот за работата;
- Донесува одлука за престанок со работа на Друштвото;
- Врши и други работи во согласност со Статутот и другите акти;

Вонредно Собрание може да се свика на барање на најмалку 2/3 од вкупниот број на членови.

Собранието со најмалку 2/3 мнозинство го избира и разрешува претседателот на Здружението чиј мандат изнесува четири години со право на повторен избор.

Собранието може итните итните одлуки поврзани со неговиот делокруг на работа да ги донесува и по електронски пат.

Заради непречено и ефикасно спроведување на активностите на Агора, Собранието може да донесе одлука со спроведување на електронско гласање (гласање преку електронска пошта). Електронско гласање може да се користи во случаеви кога е потребно да се донесе брза одлука и/или кога на седницата на собранието нема да има кворум за донесување на одлуки. Електронско гласање се спроведува на начин

што Претседателот преку електронска пошта ги повикува сите членови на Агора да се изјаснат за одлуките кои е потребно да се донесат, во определен рок, кој не може да биде пократок од пет работни денови. Веднаш по истекот на определниот рок, Претседателот преку електронска пошта ќе ги извести членовите на Агора за резултатите од електронското гласање. Гласањето преку електронска пошта ќе има иста правна сила и обврзувачко дејство, како и гласањето извршено на седница на Собранието на Агора.

**Член 9**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ЗАДРУЖЕНИЕТО**

Претседателот е извршен орган на Собранието кој е избран од Собранието на предлог на членовите.
Мандатот на Претседателот е четири години со можност за повторен избор.

**Член 10**

Претседателот ги обавува следните работи:

- ги подготвува седниците на Собранието;
- го подготвува нацртот на статутот и другите одлуки што треба да ги донесе Собранието;
- ја спроведува политиката, заклучоците и одлуките донесени од Собранието;
- може да формира стручна служба и да врши контрола врз нејзината работа;
- управува и одговара за управувањето со имотот на здружението;
- подготвува годишен или периодичен извештај за својата работа;
- врши други работи.

Претседателот е одговорен пред Собранието за сè она што му е ставено во надлежност со овој Статут и со други акти донесени од страна на Собранието.

**СТРУЧНА СЛУЖБА**

**Член 11**

За извршување на административно стручни, помошни и на нив слични работи од заеднички интерес за остварување на задачите и целите на Здружението се формира стручна служба.

**Член 12**

Правата, должностите и одговорностите за работа на вработените на Стручната служба на Здружението - Координаторите на програми ги утврдува Главниот Координатор на програма, кој раководи со стручната служба на Здружението.

**Член 13**

Главниот Координатор на програма е истовремено и координатор на Здружението, и истиот може да биде во редовен работен однос како и другите координатори со сите права, должности и одговорности што произлегуваат од ЗРО, Статутот и актите на Здружението.

**Член 14**

Главен координатор и Координатор/и на програма/и може да биде лице со најмалку пет години работно искуство во странски и домашни невладини организации, пожелно високо образование, познавање на странски јазик и работа со компјутери, пишување и раководење на проекти, висок степен на познавање на областа во која делува здружението, како изразени организациони и менаџерски способности и квалитети.

**Член 15**

Вработените во стручните служби не можат да бидат избрани за членови на извршните органи на здружението на граѓани.

**Член 16**

Главниот Координаторот на програма е одговорен за извршување на финансискиот план и се грижи за извршување на одлуките и заклучоците на Собранието на Здружението.

Главниот координатор и координаторите на програма се одговорни за својата работа пред Собранието на Здружението.

**Член 17**

Средствата за работа на стручната служба и Координаторите на програми се определуваат со финансискиот план секоја година, и тоа средства за плати, материјални трошоци и други тековни средства за работа на Здружението.

## УСЛОВИ И НАЧИНИ НА ЗАЧЛЕНУВАЊЕ

**Член 18**

Работата на здружението е јавна.
Здружението работи на територија на Република Македонија и соработува со вакви и слични организации, здруженија и друштва во земјата и во странство.

**Член 19**

Остварувајќи ги своите цели и задачи Здружението во согласност со Законот се грижи и за остварување на утврдените цели преку своите органи и основачи.

**Член 20**

Услови за зачленување во здружението се:

Член на Здружението **„АГОРА Центар за промовирање на граѓански вредности" Скопје** може да биде секој полнолетен граѓанин, државјанин на Република Македонија и/или странец, кој доброволно ќе пристапи кон Здружението со давање на писмена изјава.

Малолетно лице со наполнети 14 години се зачленува во здружението со давање на потпишана изјава за согласност на неговиот законски застапник за зачленување, во согласност со Закон.

Зачленувањето на Здружението се врши со пристапница која при исклучување или престанок на членувањето во Здружението, задолжително се враќа со потпишување на лична писмена изјава.

Здружението **„АГОРА Центар за промовирање на граѓански вредности" Скопје** за своите членови води регистар на членство кој се ажурира еднаш годишно. Податоците од регистарот се заштитени во согласност со прописите за заштита на личните податоци и класифицирани информации.

## ПРЕСТАНОК НА ЧЛЕНСТВОТО

**Член 21**

Членството во здружението престанува:

- доброволно;
- со исклучување;
- со смрт.

Престанување на членството со исклучување е во надлежност на Собранието на здружението кое со посебна одлука го исклучува членот, доколку членот:

- Не се придржува кон Статутот, кон програмата за работа и доколку со својата работа и однесување му штети на угледот на Здружението;
- Не ги почитува одлуките на Собранието.

## ПРАВА, ОБВРСКИ И ОДГОВОРНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ

**Член 22**

Членовите на здружението имаат право:

- да учествуваат во работата на здружението;
- да избираат и да биде избрани во органите на здружението.

Должност на секој член на здружението е да се придржува кон Статутот и програмата за работа, а со својата работа да придонесува за јакнење на угледот на здружението.

## ЈАВНОСТА ВО РАБОТАТА

**Член 23**

Работата на **„АГОРА Центар за промовирање на граѓански вредности" Скопје** е јавна.
Јавноста во работењето се обезбедува со редовно известување (на членовите, други здруженија или пошироката јавност) за работењето и активностите на Здружението, со увид во спроведувањето на програмските задачи, со поднесување извештај за работа на органите и телата на Здружението, за материјално – финансиско работење и друго.

За информирање на членовите и пошироката јавност се користат сите расположиви медиуми (печатот, радио, телевизијата, вебсајт, социјални мрежи и сл.).

## ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА

**Член 24**

Здружението остварува средства од:

- членарина,
- донации, доброволни прилози,
- буџет на РМ и локалните самоуправи,
- давање на услуги на други здруженија, организации и институции
- провизии од органи, организации,
- заедници и од други установи,
- од трговски друштва и други правни лица;
- од други услуги (имотни права и сл.),
- од други извори предвидени со Законот и Статутот

Со средствата на здружението управува Претседателот кој на крајот на секоја година поднесува извештај за финансиското работење до Собранието.
Начинот на користење и располагање на средствата на здружението се регулира со посебен акт во согласност со законските прописи.

**Член 25**

Средствата ќе се користат за остварување на целите и програмата на Здружението.

За користење и располагањето со средствата одлучуваат органите на Здружението, согласно надлежностите утврдени со овој Статут, кои преземаат мерки за економско целосообразно користење на средствата и за спречување и отстранување на незаконитостите.

**Член 26**

Здружението **„АГОРА Центар за промовирање на граѓански вредности“ Скопје,** донесува годишен финансиски план за **приходите и расходите на** Здружението.

Финансискиот план ги содржи приходите кои се стекнуваат по член 17 од Статутот, како и расходите за општествената активност, плати на вработените, материјали, трошоци за работа на Здружението и други расходи сврзани со работата на Здружението. Финансискиот план може во секое време да се измени.

## ЗАСТАПУВАЊЕ И ПРЕТСТАВУВАЊЕ

**Член 27**

Здружението го застапува и претставува Претседателот на Здружението, а во негово отсуство член на Собранието согласно овој Статут. Претседателот одлучува за вработувањето и престанокот на работниот однос, по препорака на посебна комисија формирана за таа намена.

## НАЧИН НА ЗДРУЖУВАЊЕ И ЗАЧЛЕНУВАЊЕ ВО ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 28**

Здружението може да се здружи во повисока форма на здружување со вакви и слични организации, здруженија и друштва и да формираат посебни асоцијации, а може и да пристапи кон определени асоцијации во земјата и во странство.

Одлука за здружување или пристапување, како и одлука за зачленување донесува Собранието.

## ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА СТАТУТОТ

**Член 29**

Измени и дополнувања на Статутот можат да се вршат на ист начин и постапка како и за донесување на овој Статут по претходен писмен предлог од претседателството или од најмалку 2/3 од основачите на Здружението.

## ТОЛКУВАЊЕ НА СТАТУТОТ

**Член 30**

Толкување на статутот и интерните акти го врши Собранието на Здружението. Интерните акти што ќе ги донесува здружението мора да бидат во согласност со Статутот.

## ПРЕСТАНОК НА РАБОТАТА НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 31**

Здружението престанува со работа во следниве случаи:

- Ако за тоа се изјаснат 2/3 од членовите на Собранието на Здружението;
- Ако бројот на членовите се намали под бројот определен со Закон за основање на Здружение ;
- Ако настапат причини утврдени по член 63 од Законот за здруженија и фондации.

Одлука за престанок на Здружението донесува Собранието со двотретинско мнозинство.

Основачите на здружението имаат право да го укинат здружението.

## РАСПОЛАГАЊЕ СО ИМОТОТ НА ЗДРУЖЕНИЕТО ВО СЛУЧАЈ НА ПРЕСТАНОК

**Член 32**

Во случај на престанок на здружението, имотот ќе се донира на други здруженија на граѓани.

**Член 33**

Овој Статут влегува во сила од денот на неговото донесување 31.07.2015.

Скопје, 31.07.2015 година

Претседател на Здружението **„АГОРА Центар за промовирање на граѓански вредности" Скопје**:

Кристина Хаџи-Василева

ЕМБС: 05596181
Целосно име: АГОРА Центар за промовирање на граѓански вредности Скопје
Вид на работа: 540
Тип на годишна сметка: Годишна сметка
Тип на документ: Годишна сметка
Година : 2025

## Биланс на приходи и расходи

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 201 | - - Расходи I. МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА (202 до 210) | 5.899,00 | | | 125.768,00 |
| 202 | - - Потрошени материјали | | | | 5.338,00 |
| 203 | - - Потрошена енергија | | | | 20.394,00 |
| 204 | - - Други услуги | 5.899,00 | | | 66.174,00 |
| 205 | - - Превозни и транспортни услуги | | | | 672,00 |
| 209 | - - Наемнини | | | | 33.190,00 |
| 211 | - - ДРУГИ РАСХОДИ (212 до 221) | 45.764,00 | | | 893.586,00 |
| 212 | - - Провизија за платен промет | 3.224,00 | | | 13.258,00 |
| 219 | - - Други расходи | 42.540,00 | | | 877.633,00 |
| 221 | - - Пренесени средства | | | | 2.695,00 |
| 235 | - - ВКУПНО РАСХОДИ (201+211+222+226+230+233+234) | 51.663,00 | | | 1.019.354,00 |
| 236 | - - Остварен вишок на приходи-добивка пред оданочување(250 минус 235) ако 250>235 | 153.134,00 | | | 551.964,00 |
| 238 | - - Остварен нето вишок-добивка (236-237) | 153.134,00 | | | 551.964,00 |
| 239 | - - Вкупно (235+236) или (235+237) ако 237 е поголемо од 236=252 | 204.797,00 | | | 1.571.318,00 |
| 244 | - - Приходи од членарини, подароци, донации и приходи од други извори | | | | 1.418.050,00 |
| 247 | - - Други приходи | | | | 134,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **248** | - - Пренесен дел од вишокот на приходите од претходната година | 204.797,00 | | | 153.134,00 |
| **250** | - - ВКУПНО ПРИХОДИ 240+243+244+245+246+247+ 248+249 | 204.797,00 | | | 1.571.318,00 |
| **252** | - - ВКУПНО (250+251)=239 | 204.797,00 | | | 1.571.318,00 |

## Биланс на состојба

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| **1** | - - АКТИВА ПОСТОЈАНИ СРЕДСТВА (002+003+008+009) | 70.291,00 | 244.249,00 | 218.058,00 | 26.191,00 |
| **3** | - - МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (004 до 007) | 70.291,00 | 244.249,00 | 218.058,00 | 26.191,00 |
| **6** | - - Опрема | 70.291,00 | 244.249,00 | 218.058,00 | 26.191,00 |
| **10** | - - ПАРИЧНИ СРЕДСТВА.КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊАИ АКТИВНИ ПРЕСМЕТКОВНИ СМЕТКИ (011+018+019+020+021+022+023+024) | 153.134,00 | 556.133,00 | | 556.133,00 |
| **11** | - - ПАРИЧНИ СРЕДСТВА (012 до 017) | 152.333,00 | 555.964,00 | | 555.964,00 |
| **12** | - - Жиро сметка | 151.795,00 | 555.964,00 | | 555.964,00 |
| **13** | - - Благајна | 538,00 | | | |
| **20** | - - ПОБАРУВАЊА ЗА ДАДЕНИ АВАНСИ. ДЕПОЗИТИ И КАУЦИИ | 801,00 | | | |
| **24** | - - АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА (025+026+027) | | 169,00 | | 169,00 |
| **27** | - - Други активни временски ограничувања | | 169,00 | | 169,00 |
| **42** | - - ВКУПНА АКТИВА (001+010+028+035+038+041) | 223.425,00 | 800.382,00 | 218.058,00 | 582.324,00 |
| **44** | - - ПАСИВА - ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА | 70.291,00 | | | 26.191,00 |
| **45** | - - Деловен фонд | 70.291,00 | | | 26.191,00 |
| **51** | - - IV. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ И ПАСИВНИ ПРЕСМЕТКОВНИ СМЕТКI (052 ДО 061) | 153.134,00 | | | 556.133,00 |
| **53** | - - б) Добавувачи | | | | 4.169,00 |
| **56** | - - Други краткорочни обврски | 153.134,00 | | | 551.964,00 |
| **69** | - - ВКУПНА ПАСИВА (044+046+047+051+062+066+067+068) | 223.425,00 | | | 582.324,00 |

## Државна евиденција

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| **651** | - - Набавна вредност на компјутерска опрема ) | 213.025,00 | | | 223.676,00 |
| **653** | - - Исправка на вредност на компјутерска опрема | 151.582,00 | | | 203.896,00 |
| **654** | - - Сегашна вредност на компјутерска опрема(< или = АОП 006 од БС) | 61.443,00 | | | 19.780,00 |
| **676** | - - Издатоци за повремени и привремени работи (< или = на АОП 219 од БПР) | 34.445,00 | | | 317.512,00 |
| **691** | - - Приходи од донации(< или = на АОП 244 од БПР) | | | | 1.418.050,00 |
| **692** | - - Приходи од други извори(< или = на АОП 244 од БПР) | | | | 134,00 |

## Распоредување на резултатот

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| **351** | - - А. ОСТВАРЕН НЕТО ВИШОК -ДОБИВКА | 153.134,00 | | | 551.964,00 |
| **353** | - - Б. ОСТАТОК ОД НЕТО ДОБИВКАТА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ (351-352) | 153.134,00 | | | 551.964,00 |
| **358** | - - ѓ) Дел за пренос во наредната година | 153.134,00 | | | 551.964,00 |

## Структура на приходи по дејности

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **4631** | - 94.990 - Дејности на други организации врз база на зачленување, н.д.м. | | | | 1.571.318,00 |

Изјавувам, под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците во годишната сметка се точни и вистинити.

Податоците од годишната сметка се во постапка на доставување, која ќе заврши со одлука (одобрување/одбивање) од страна на Централниот Регистар.

AGORA



ТРИГОД[illegible]
ИЗВ[illegible]
РАБ[illegible]
ОРГАНИ[illegible]

АГОРА –
Центар за
промовирање
на граѓански
вредности

**ВОВЕД**

Во периодот 2023/2024– 2025/2026 година, АГОРА – Центар за промоција на граѓански вредности успешно го реализираше својот стратешки план преку активности во областа на родовата еднаквост, младинското учество, локалниот развој, доброто владеење и зелената транзиција. Организацијата работеше со локални заедници, граѓански организации, институции и меѓународни партнери, обезбедувајќи поддршка за развој на заедниците и активно вклучување на граѓаните во процесите на одлучување.

Организацијата активно работеше на развивање инклузивни иницијативи и политики кои го поттикнуваат одржливиот општествен развој и создаваат поддржувачка средина за сите граѓани. Пеиодот беше обележан со проширување на партнерствата, развој и спроведување на нови иницијативи и засилена присутност во јавниот простор преку истражувачки и застапувачки активности.

**ПРОФИЛ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА**

АГОРА – Центар за промоција на граѓански вредности е граѓанска организација основана во 2001 година, а пререгистрирана во 2015 година со цел проширување на мисијата и програмската дејност.

Визијата на здружението е напредок на луѓето и заедниците заснован на родова еднаквост, економски просперитет и демократски принципи. Неговата мисија е јакнење на капацитетите на сите општествени чинители и промовирање партиципативни и одржливи процеси кои ќе доведат до развој на заедниците.

Стратешки цели на Агора се:

- Принципот на родовата еднаквост е прифатен и практикуван на локално ниво,
- Подобрена клима за започнување на бизниси кај млади и жени,
- Ефективно, ефикасно, транспарентно и отчетно работење на општините,
- Просперитетни и економски развиени локални заедници,
- Агора е активна членка на релевантни национални и регионални меѓународни мрежи,
- Приходите во организацијата се обезбедуваат од повеќе различни донатори.

Своите цели здружението ги остварува преку утврдена Програма за работа, односно преку следните активности:

- Спроведување анализи и мониторинг на релевантните политики,
- Зајакнување на локалните чинители за активно учество во донесувањето одлуки,
- Застапување за донесување соодветни мерки и политики на локално ниво,
- Јакнење на свеста на сите засегнати страни и на јавноста,
- Зголемување на знаењето и вештините кај своите целни групи
- Вмрежување и поврзување на чинителите, вклучително соработка со други организации и институции,
- Подготовка на проектни апликации со цел обезбедување доволно фондови за остварување на планираните цели.

Во согласност со својата мисија и експертиза, АГОРА ги развива своите програми во следниве тематски области:

**Родова еднаквост**

- Зајакнување на жените и нивните организации
- Поддршка на родово одговорни политики и буџетирање
- Кампањи и активности за подигнување јавна свест

**Младинско претприемништво и вработување**

- Обуки, менторство и поддршка за младински бизниси
- Грантови за бизнис идеи
- Поттикнување на социјално и економско вклучување на младите

**Демократско управување и локален развој**

- Поддршка на општините во транспарентност и отчетност
- Промоција на партиципативни методи на одлучување
- Мониторинг, анализи и застапување во областа на јавни политики

**Медиумска транспарентност и информирано граѓанство**

- Мониторинг на медиумски реформи
- Истражувачки написи, анализи и јавни кампањи
- Подигнување на медиумската писменост

АГОРА работи со широк круг актери, а основни **целни групи** се: жени и девојки, вклучувајќи од ранливи групи, млади луѓе, локални граѓански организации, општини и јавни институции, бизнис сектор, медиумски професионалци и мрежи, локални заедници и пошироката јавност.

Работата на АГОРА се реализира преку извршна канцеларија, која во последните три години вклучи четири ангажирани лица со програмски, административни и финансиски задачи, под раководство на претседателката на организацијата. Има своја веб страница: https://agora.org.mk/, Facebook страница: https://www.facebook.com/agora.org.mk и Инстаграм страница: https://www.instagram.com/agora_cso/

## РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ И ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ

### Родова еднаквост и зајакнување на жените

Во изминатиот тригодишен период, како и од самиот почеток на своето работење, АГОРА посебно внимание посвети на унапредување на родовата еднаквост и зајакнувањето на жените во Северна Македонија.

Најнапред беа анализирани резултатите од постигнатите резултати во рамки на спроведените проекти во периодот 2020-2023 кои имаа за цел да го подобрат животот на жените и да понудат поддршка во процесот на нивно вклучување во локалните процеси на креирање политики и буџетирање, како и да поттикнат младинското претприемништво и

отчетност на институциите. Воедно беа иднетификувани конкретни предизвици и потреби со кои се соочуваат жените.

Соодветно, во текот на 2025 година, АГОРА подготови **концепт на кампања за менопауза и спроведе истражување за предизвиците, потребите и искуствата на жените во периодот на (пери)менопауза** со цел да се соберат релевантни информации врз основа на коишто ќе се креира кампања за подигнување на јавната свест, намалување на стигмата и отворање простор за разговор за женското здравје. Акцентот е ставен на потребата жените да добијат релевантни информации и охрабрување – од здравствени установи, работодавачи и пошироката заедница.




Истражувањето беше спроведено во периодот јули – октомври 2025 година преку онлајн анкета достапна на Фејсбук страницата на АГОРА. Анкетата дополнително беше споделена на Фејсбук и ЛинкдИн профилите на партнерската организација Консалтинг за стратешки развој, како и на инстаграм профилот #alarmzasvest, по пројавен интерес за соработка од фармацевтската компанија „Бионика".

По собирање на одговори од 398 жени, беше подготвен извештај со клучни наоди, заклучоци и препораки за положбата и потребите на жените во менопауза. Наодите од анализата покажуваат дека менопаузата во Северна Македонија е се уште табу тема којашто содржи традиционални родови стереотипи. Изостанува соодветна медицинска/стручна помош, како и достапност на соодветна терапија. Тоа ја нагласува потребата од структурирани здравствени протоколи, рана едукација на жените и системски промени кои ги земаат предвид здравствените, економски и социјални политики. Воедно, нагласена е потребата од пристап до релевантни информации, психолошка поддршка и промовирање на отворени разговори за менопаузата во семејниот и работниот контекст, како и во јавниот дискурс.

Во план е по прибирање на дополнителни средства, во наредниот период да се спроведе кампања за влијанието на менопаузата врз жените со организирање на јавни дебати со стручни медицински лица, како и креирање на ангажирачка содржина комбинирана од текстуални постови, графикони и видеа пред се на социјални медиуми.

Во насока на јакнење на женските граѓански организации за следење, анализа и застапување за економско јакнење и дигитална инклузија на жените во контекст на интеграцијата на земјата во Европската унија, во текот на 2025 година организзцијата подготви предлог проект до Канцеларијата на Обединатите нации за проектни услуги (UNOPS). Проектот **„WOMENomics: Економско зајакнување и дигитални права за интеграција во ЕУ"** беше одобрен и на АГОРА во мај 2026 година и беше доделен грант за оваа цел, којшто започна со имплементација во мај 2026.

Со овие иницијативи организацијата ја продолжи својата посветеност на унапредување на родовата еднаквост и подобрување на пристапот до релевантни информации и обезбедување на поддршка за жените.

**Поддршка за примена на циркуларната економија и подобрени еколошки, родово-одговорни и младински политики**

Во текот на 2025 година и 2026 (како актуелна година) организацијата започна значајни активности поврзани со животната средина, циркуларната економија и управувањето со отпад. Во партнерство со две граѓански организации (Фондација за развој на локалната заедница - Штип (ФРЛЗ) како носител на проектот и здружението Конект) во март 2025 година започна со имплементација на две и пол годишен проект ко-финансиран од ЕУ, насочен кон поттикнување меѓусекторски дијалог во областа на циркуларната економија и управувањето со отпад. Поспецифично, целта на проектот **„Еко дијалог кон ЕУ - Поттикнување на еколошки промени преку инклузивно застапување за политики“**, е да се промовира меѓусекторски дијалог и соработка за циркуларна економија и управување со отпад, да се зајакне граѓанското општество за застапување за политики, и да се подобри учеството на засегнатите страни во креирањето и спроведувањето на еколошки политики.

Воведниот настан со кој проектот беше претставен пред клучните чинители и јавноста се одржа во јуни 2025 година. Во присуство на над 40 претставници од граѓанскиот сектор, бизнисот и владините институции, се дискутираше за политиките за циркуларна економија и одржливо управување со отпад и формално беше означен почетокот на проектот. Воедно, настанот се осврна и на родовите аспекти во управувањето со текстилниот отпадот имајќи предвид дека текстилното производство е еден од најслабо платените и најтрудоинтензивни сектори што е доминиран од жени и кој воедно продуцира огромно количество текстилен отпад.



Претседателката на Агора говори за родовата перспектива во политиките за




Во рамките на проектот Агора спроведе истражување за подготвеноста на Северна Македонија за транзиција кон зелена економија преку анализа на состојбата со текстилниот отпад, идентификување на главните предизвици, добрите практики и можности за рециклирање и повторна употреба, како и развивање на препораки за унапредување на политиките и практиките за управување со отпад. Анализата дава особен фокус на обврските од Законот за управување со посебни текови на отпад и Законот за проширена одговорност на производителите и се

однесува посебно на сите чинители во синџирот на текстилниот отпад. Анализата беше финализирана во декември 2025 и објавена на веб страницата на Агора (https://agora.org.mk/wp-content/uploads/2025/12/Analiza-tekstilen-final-1.pdf). Воедно, беше подготвен и Апстракт од анализата, кој дава сумиран увид во главните наоди и препораки од анализата. Апстрактот е достапен исто така на веб страницата на Агора (https://agora.org.mk/wp-content/uploads/2025/12/Апстракт Анализа.pdf)

Покрај Анализата, Агора подготви и Водич за Законот за управување со дополнителни текови на отпад, којшто беше објавен на почетокот на 2026 година. Водичот обезбедува практична и разбирлива поддршка за примената на Законот за управување со дополнителни текови на отпад и е наменет за сите засегнати страни во Северна Македонија – институциите, единиците на локалната самоуправа, деловниот сектор, граѓанските организации и за граѓаните.

Исто така, во рамки на проектот беа избрани 9 монитори - претставници на 9 граѓански организации од различни региони од државата за коишто беше спроведена онлајн обука за следење на управувањето со текстилен отпад од страна на надлежните општини и институциите. Беа споделени конкретни алатки- прашалници врз основа на коишто организациите во период од 6 месеци редовно ќе ги следат институциите, а вклучително, ќе ги анализираат политиките за управување со отпад и ќе предлагаат конкретни подобрувања.

Дополнително, Агора ги поддржа активностите спроведувани од партнерските организации. Беше дел од обуката „Бизнис сектор во зелена транзиција" на кој претставници од бизнис секторот дискутираа како бизнисот може да стане двигател на одржливи промени. Исто така, се вклучи во промотивните активности на кампањата „Еко еволуција: Од отпад до иднина", а беше присутна и на Енерго-технома 2025 каде што се одржа панел-дискусијата посветена на управување со отпад и циркуларна економија со присуство на тимот на проектот.

Преку организирани консултативни средби, мапирање чинители, истражувања и иницијални активности за градење капацитети, организацијата воспостави важни основи за долгорочна соработка меѓу граѓанскиот, јавниот и бизнис секторот.

Покрај тоа, АГОРА во март 2026 година започна со спроведување на проектот **„Од отпад до уметност: Младите ја кројат иднината"** поддржана од Европската унија во рамки на проектот „Зелена младина, зелен раст" спроведуван од Македонската развојна фондација за претпријатија во соработка со Џуниор Ачивмент Македонија и ЦЕП Можности.

Проектот има за цел да придонесе кон зголемена еколошка одговорност и практична примена на принципите на циркуларна економија кај младите и локалните заедници, преку едукативни, креативни и социјално-инклузивни активности за реупотреба на текстилен отпад. Истио се реализира во три средни училишта - две во Скопскиот и едно во

Североисточниот регион во земјата и комбинира образование, практична креативна работа и јавна промоција.

**Клучните постигнати резултати се**:

- Изготвен Извештај со релевантни наоди и заклучоци за подобрување на женското здравје врз основа на спроведено анктено истражување за жените во менопауза.
- Подготовка на нови проектни иницијативи за родова еднаквост, младинско учество, локален развој.
- Зголемено учество на жените во локалните процеси на донесување одлуки.
- Зајакната соработка со организации и институции кои работат во областа на родовата еднаквост.
- Подготвена анализа за текстилен отпад и циркуларна економија.
- Подготвен Водич за Законот за управување со дополнителни текови на отпад
- Воспоставена соработка помеѓу граѓанскиот сектор, институциите и приватниот сектор.
- Зајакнати девет граѓански организации за следење на управувањето со текстилен отпад од страна на надлежните општини и институциите.
- Зголемено учество на граѓаните во јавниот дијалог.
- Подобрена соработка помеѓу граѓанските организации и институциите.
- Воспоставена соработка со образовни институции (средните училишта „Никола Карев" – Скопје, „Кочо Рацин" – Ѓорче Петров и „Перо Наков" – Куманово), локални институции и колективни постапувачи за текстилен отпад (компанијата Еко-Текс).
- Подигната јавна свест за одржливи политики и управување со отпад и за родовата еднаквост.
- Поддршка на локални иницијативи и јавни дебати.
- Вмрежување на организации и институции.

## ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ

Во периодот организацијата ги реализира своите активности со поддршка од:

- Европската Унија (тематска програма за човекови права и демократија 2023-2024, буџетска линија: BGUE-B2024-14.020211-C8-INTPA>NEAR)
- Европската Унија (проект „Зелена младина, зелен раст" е финансиран од Европската унија, а спроведуван од Македонската развојна фондација за претпријатија во партнерство со Џуниор Ачивмент Македонија и Центар за едукација и претприемништво Можности).
- Владата на Шведска, Шведската агенција за меѓународна развојна соработка (Sida), Владата на Швајцарија, Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC)- проект

„Поддршка на европската интеграција на Северна Македонија" имплементиран од UNOPS во партнерство со Министерството за европски прашања)

**Партнерства и соработка**

АГОРА во 2025 година значително го прошири својот партнерски круг преку воспоставување и зајакнување соработки со граѓански организации, бизнис секторот и јавни институции.

Со цел спроведување на проектот „Еко Дијалог кон ЕУ" беше потпишан Меморандум за соработка со граѓанската организација „Фондација за развој на локалната заедница - Штип" (ФРЛЗ) и со здружението Конект.

По барање на фармацевтската компаноја „Бионика" беше иницирана соработка за споделување на информации, знаење и ресурси за потребите и предизвиците на жените во менопауза и беше договорено и формализирање на соработката во 2026 година.

Со цел зголемена еколоша свест и практична примена на принципите на циркуларна економија кај младите и локалните заедници, беа потпишани меморандуми за соработка со три средни училишта и со колективен постапувач за текстилен отпад – компанијата „Еко-Текс".

Овие партнерства придонесоа кон подобра координација, размена на ресурси и создавање одржливи модели на заедничко делување, што резултираше и се очекува и понатаму да резултира со повисока видливост и поголемо влијание во локалните заедници.

## ВИДЛИВОСТ И КОМУНИКАЦИЈА

Организацијата ја зајакна својата комуникациска присутност преку ажурирање на содржините на својата веб страница, како и преку редовно објавување на содржини на својата страница на социјалната мрежа Facebook. Сите содржини се објавуваа сосласно правилата за видливот на донсторот (ЕУ). Воедно, се иницираше и отвори страница на социјалната мрежа Instagram.

Анкетата за менопауза покажа огромна потреба кај жените од пристап до релевантни информации, психолошка поддршка и промовирање на отворени разговори за менопаузата во семејниот и работниот контекст, како и во јавниот дискурс. Несомнена е потребата од структурирани здравствени протоколи, рана едукација на жените и системски промени кои ги земаат предвид здравствените, економски и социјални политики.

Може да се заклучи дека најголем интерес порасна интересот за темите поврзани со женското здравје, родовата еднаквост на пазарот на труд и одржливите еколошки политики, а АГОРА ја засили својата препознаеност како релевантен чинител во овие области.

## ВНАТРЕШЕН РАЗВОЈ

Во периодот, тимот на АГОРА вложи во подобрување на внатрешните процеси, планирање и надградба на стратешките пристапи во работењето. Организацијата работеше на

развивање на системи за мониторинг и евалуација, внатрешна координација и подобрување на оперативната ефикасност, вклучително подготовка на внатрешни политики и процедури и ажурирање на содржините на веб страницата како на македонски, така и на англиски јазик. Трите политики коишто беа аразвиени – Политика за антикорупција, Политика за родова еднаквост и Политика за еколошка одговорност, беа објавени на веб страницата како дел од принципите на организацијата за јавност и транспарентност.

## ПРЕДИЗВИЦИ, НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ И ПЛАНОВИ ЗА НАРЕДНАТА ГОДИНА

Главни предизвици во тригодишниот период беа ограничените финансиски ресурси, потребата од поголема меѓусекторска координација и од јакнење на свеста за јавен дијалог на значајни теми како што се економското јакнење на жените и нивното здравје и циркуларната економија и заштитата на животната средина. Преку адаптивен пристап, тимот на АГОРА успеа да развие модели за ефективна соработка, транспарентна комуникација и инклузивно вклучување на засегнатите страни.

Во текот на следниот тригодишен период, АГОРА ќе се фокусира на:

- понатамошно унапредување на активностите за циркуларна економија и здрава животна средина;
- спроведување јавна кампања за менопауза базирана на спроведеното истражување;
- проширување на иницијативите за зголемување на учеството на жените во политиката и економијата и нивната економска и дигитална инклузија;
- поддршка на вклученоста на младите во процесите на одлучување, развој на лидерски вештини и застапување за младински политики;
- унапредување на ефективноста, транспарентноста и отчетноста на локалните институции и општините;
- зајакнување на партнерствата, поддршка на локални граѓански иницијативи и развивање нови механизми за граѓанско учество;
- застапување за подобри локални и национални родово-сензитивни и еколошки политики;
- јакнење на капацитетите на граѓанските организации и локалните чинители;
- продолжено вложување во организациско зајакнување и институционален развој.

АГОРА останува посветена на својата мисија за зајакнување на граѓанскиот сектор и поттикнување на инклузивни и демократски општества.